# ЗНМ: СОЛИДАРНОСТ СО НЕДЕЛНИКОТ ЗАМАН

07/09/2016 15:14 88 Прегледи

Случајни статии

Здружението на новинари на Македонија се солидаризира со неделникот Заман Македонија, за кој турската влада бара од македонските власти да биде затворен поради наводна поврзаност со неуспешниот државен удар во Турција.

Непримерни се изјавите на македонските владини преставници дека разгледуваат законски можности да одговарат на барањата на турската влада за затворање на медиумот. Во слободни и демократски земји медиуми не може да се затвараат со арбитрарни одлуки на владите.

Ја повикуваме македонската влада да го одбие барањето на Турција за затворање на Заман. Неделникот е основан во 1994 година и работи согласно македонските закони, кои гарантираат слобода на изразување и слобода на медиуми.

Овие слободи не може да се ограничат по барање на некоја странска влада, без соодветна судска постапка, во која ќе се докаже поврзаноста на некој медиум со терористичка организација.

Апсурдно е да се верува дека неделник што ги почитува домашните закони и професионалните стандарди може да биде вклучен во извршување на државен удар.

ЗНМ ќе ги алармира сите релевантни европски и светските организации и институции за ставот на македонската влада во однос на барањата на Турција за затварање на македонски медиум.